Скопје, 16.11.2021 година

**ДО:** **ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
**лично за: Г-дин Д-р Стојан Славески, директор**
Ул. Васко Карангелевски бр. 8, Скопје (Касарна „Гоце Делчев“)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Скопје-Shkup

| Примено-Pranuar 17-11 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица Nj.organ | Бр.-Nr. | Прилог-Shtojcë | Вредност-Vlerë |
| 08 | 1021/1 | | |

**ОД:** [redacted]

**ПРЕДМЕТ:** **БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Почитуван Г-дин Славески,**

На 13 Март 2020 година на македонскиот веб портал [redacted] е објавена статија со наслов - **„Ласерски снимки од брана стојат на интернет, авторот вели – нема причина за загриженост“** од новинар [redacted](https://civilmedia.mk/laserski-snimki-od-brana-stojat-na-internet-avtorot-veli-nema-prichina-za-zagrizhenost/).

Преку наведената статија како македонска јавност сме информирани, дека фотографии и видео од ласерско скенирање на браната Матка, на кои се претставени зони во различни бои, стојат на интернет страници на приватна странска компанија.

Како поткрепа на пишаното во статијата, од страна на новинарот е објавена и фотографија на која се глада како на тригонометриски котен камен столб кој се наоѓа на левата страна непосредно пред браната Матка е поставен инструмент со кој според новинарот се напревени снимките и кој го нарекува ЛИДАР, а во текстот од статијата од страна на новинарот дадени се и линкови до фото и видео материјали од ласерското скенирање на бетонската структура на браната Матка, каде истата е прикажана дека има оштетувања во три зони(претставени во фото и видео материјалите како три групи од мрежа на црвени квадрати).

Во врска со снимките, во статијата е објавен и одговор на лицето [redacted]“(цитат): **„Тоа што се гледа на нашите видеа се мерења за демонстрирање на можностите на софтверот. ‘Создадовме деформации‘ за да прикажеме како софтверот би ги прикажал. За среќа вистинските мерења НЕ покажаа деформации и, секако, нема причина за загриженост за браната. Во секој случај, оваа брана како и сите други брана во земјата, редовно се мери и контролира од тимовите на ЕВН, и тие многу професионално си ја вршат работата. Нашите мерења беа дополнителни, за да се проверат перформансите и точноста на технологијата за ласерско скенирање на површината на структурата“.**

Во статијата е наведено и тврдење на ЕВН Македонија **дека не знае ништо за снимките - ниту кога и зошто се направени, ниту дали во ваква форма се класифицирана информација.**

Во предметната статија наведени се и неколку изјави на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации како што е на пример изјавата(дел од цитат): **„ .... Тоа што горе спомната фирма ги употребила снимките и ја скенирало браната без знаење на сопственикот, треба да се побара законска заштита со други позитивни законски решенија“,** како и изјавата (дел од цитат): **„........Самиот објект е од стратешко значање за државата но далеку е од тоа да биде класифицирана информација бидејќи ако било така пристапот до објектот би бил ограничен само на лицата кои поседуваат безбедносен сертификат со соодветен степен на класификација.“**

Во врска со погоре наведениот случај, **врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер**(Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), **барам** Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации **да ми ги достави следните информации од јавен карактер**:

1. Дали субјектите [redacted] која е сопственик на [redacted]а и [redacted] која непосредно стопанисува и управува со [redacted], согласно Законот за класифицирани информации **имаат законска обврска да класифицираат и заштитуваат информации за браната Матка кои се од значење за одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија,** како што впрочем сметам дека е информацијата(податоците) за состојбата на бетонската структура на браната која верувам дека е една од најважните информации за објект од овој вид и истата сметам дека е и Информација од интерес на Република Северна Македонија?

2. Дали **Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации** откако беше контактирана и информирана за случајот од страна на новинарот [redacted] кој е автор на статијата „Ласерски снимки од брана стојат на интернет, авторот вели – нема причина за загриженост“ со цел да даде свои изјави, пред да ги даде изјавите или после објавувањето на предметната статија во јавноста, согласно Законот за класифицирани информации **изврши вонредни инспекциски надзори** во субјектите [redacted] која е сопственик на [redacted] и во [redacted] која непосредно стопанисува и управува со [redacted] а да утврди факти во врска со овој случај; потоа да утврди што како Дирекција за безбедност на класифицирани информации смета дека се случило во конкретниот случај; како и да утврди дали и од кого во случајот можеби се направени евентуални прекршоци опфатени со одредби од Законот за класифицирани информации и дали и од кого можеби се направени евентуални кривични дела опфатени со одредби од Кривичниот законик, итн?

**Скопје, 16.11.2021 година**

3. Дали во врска со браната Матка**, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации** од денот на своето формирање како дирекција па до денес, согласно Законот за класифицирани информации **има извршувано редовни инспекциски надзори** во субјектите [redacted] која е сопственик на [redacted] како и во [redacted] која непосредно стопанисува и управува со [redacted] **и колку редовни инспекциски надзори во наведениот период во врска со браната Матка досега има извршено пооделно во секој од неведените субјекти**?

Бараните информациите од јавен карактер, барам да ми бидат доставени по пошта во писмена форма.

Подносител на барањето

[redacted]

Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 08 - 1021/2
03. 12. 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер о[redacted], имателот на информацијата <u>Дирекција за безбедност на класифицирани информации</u>, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето од[redacted]от Барање за пристап до информации од јавен карактер со точка 1 којашто се однесува на тоа дали [redacted]опје согласно Законот за класифицирани информации има законска обврска да класифицира и заштитува информации за браната Матка кои се од значење за одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија, за точка 2 којашто се однесува на тоа дали Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации извршила вонредни инспекциски надзори во [redacted] и во [redacted] пред новинар да даде изјави за[redacted]а или после објавување на статија во јавноста од страна на истиот новинар повторно за браната Матка, чијашто цел е Дирекцијата да утврди фактичка состојба за овој случај и за точка 3 којашто се однесува на тоа дали Дирекцијата има извршувано редовни инспекциски надзори во гореименуваните субјекти од нејзиното формирање до денес а во врска со[redacted] како и за тоа колку редовни инспекциски надзори во наведениот период во врска со браната Матка досега има извршено поодделно во секој од наведените субјекти, евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-1021/1 од 17.11. 2021 година.

СЕ УВАЖУВА

### *О б р а з л о ж е н и е*

1. Барателот, [redacted] со генералии како во диспозитивот на решението, поднесе барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани

информации за пристап до информации од јавен карактер содржани во точка 1, точка 2 и точка 3 од барањето коешто е евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-1021/1 од 17.11. 2021 година.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации детално го разгледа барањето и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) со што му се овозможува пристап до бараните информации.

Во врска со **точка 1**, Ве известуваме дека согласно член 3 став 1 алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „*имател на информации*" се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон и дејности од јавен интереси политичките партии во делот на приходите и расходите. Исто така, согласно член 3 став 1 алинеја 2, од истиот закон, „*информација од јавен карактер*" е информација во која било форма **што ја создал или со која располага** имателот на информацијата согласно со неговите надлежности".

Во конкретниот случај, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации не создала информација од јавен карактер што ги содржи податоците наведени во барањето. Впрочем, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не предвидува обврска за имателот да создава нови информации наведени во барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Според Законот, барателот може да бара пристап до информација од јавен карактер, која имателот ја ***создал*** и со која располага, т.е., информација која веќе ***постои***.

Дополнително, согласно член 9, став 2 и став 3 од Законот за класифицирани информации (Службен весник на РСМ. бр. 275/2019), степенот на класификација на информацијата го определува создавачот на информацијата, а со негово писмено овластување и друго лице и тоа со еден од степените на класификација: ДРЖАВНА ТАЈНА, СТРОГО ДОВЕРЛИВО, ДОВЕРЛИВО и ИНТЕРНО. Ставот 1 и ставот 2 од член 10 од Законот за класифицирани информации (Службен весник на РСМ. бр. 275/2019) дополнително прецизираат дека **создавачот**, односно лице овластено од него, ја означува класифицираната информација со најсоодветниот степен на класификација сразмерно со потребната заштита на државните интереси и безбедноста и тоа врз основа на претходно направена проценка за можната штета и последиците кои би произлегле од неовластениот пристап до неа. Оттука, субјектите [redacted] и [redacted] Скопје сами одредуваат дали ќе ги заштитат нивните информации согласно горенаведените законски одредби.

Во врска со **точка 2 и точка 3**, ве известуваме дека согласно член 83, став 1, алинеја 1, инспекторите на Дирекцијата се овластени да вршат надзор над

спроведувањето на овој закон и другите прописи од областа на безбедноста на класифицираните информации т.е. секаде онаму каде што создавачите претходно определиле степен на класификација за нивните информации согласно законските одредби, т.е создале и/или чуваат класифицирана информација. Во член 6, став 1, точка 3 од Законот за класифицирани информации (Службен весник на РСМ. бр. 275/2019), јасно е дефиниран поимот „Класифицираната информација“ како информација од делокругот на работа на орган на државната и локалната власт основан согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје или други правни лица којашто се однесува на јавната безбедност, одбраната, надворешните работи или безбедносни или разузнавачки активности на државата која согласно со закон мора да се **заштити од неовластен пристап и е обележана со соодветен степен на класификација.** Со оглед дека пристапот до именуваната информација – објект . не е ограничен, а следствено на тоа и не е одреден степен на класификација (што повлекува и поседување на соодветен безбедносен сертификат) од страна на создавачот, инспекторите на Дирекцијата немаат овластувања да вршат надзор врз информации коишто не се од класифициран карактер т.е. информации коишто излегуваат надвор од позитивната законска рамка за класифицирани информации.

Согласно барањето на барателот евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. бр. 08-1021/1 од 17.11. 2021 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, му се доставува на , одговорот - решение **во писмена форма и по пошта**.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер .

Решено во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 02. 12.2021 година, под архивски бр. 08 – 1021/2

**Директор**
Стојан Славески

Подготвил: Даниел Тренчов

Доставено до:

- (по пошта)
- Архива на ДБКИ